Даринка ПЕТРЕСКА

# ПИСМО ОД МОНАХ КИРИЛ (ВЕНЦЕСЛАВ ПАРЃОСКИ) ДО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦРКОВНИОТ ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА ОД 25 ФЕВРУАРИ 1945 ГОДИНА

Документот што го презентираме пред пошироката јавност е поврзан со борбата на македонскиот народ за организирање на црковниот живот и за обновување на македонската Орхидска архиепископија непосредно по ослободувањето на Македонија, а пред одржувањето на Првиот македонски црковнонароден собор на 4 и 5 март 1945 година.[1]

Писмото е упатено како одговор на поканата на Иницијативниот одбор од 3 февруари 1945 година до Монах Кирил (Венцеслав Парѓоски) од Берово за да учествува како делегат на Првиот македонски црковнонароден собор во Скопје.

Венцеслав Парѓоски е син на свештеникот Јован Парѓоски од с. Русиново, Малешевско. Роден е во 1916 година. Основно образование завршил во Гевгелија, каде што бил преместен на служба неговиот татко (од 1921 до 1932 година), а гимназија учел во Неготин Краина, Тетово и Скопје. Во 1936 година се запишал на Теолошкиот факултет во Белград. Во 1939/1940 година поминал на отслужување на воениот рок во Школата за пешадиски резервни офицери во Марибор.

Настаните од март – април 1941 година го затекнале на осмиот семестар на Теолошкиот факултет во Белград. Бил мобилизиран во кралската југословенска војска на 13 март, заробен од германските војски во Априлската војна, но набрзо бил пуштен. Во 1941/42 година се запишува на Теолошкиот факултет во Софија[2] и го завршува во летниот семестар 1942 година.

Во меѓувреме се разболува од туберкулоза. Се лекува во текот на 1942/43 година и продолжува да одржува врски со негови другари студенти во Софија.[3] Но неговата здравствена состојба не се подобрува многу и тој не може да се врати за учител во кочанската прогимназија.

Во таква лоша здравствена состојба се повлекува во Рилскиот манастир и се подготвува да стане монах. На 25 мај 1944 година е замонашен во црквата Св. Богородица во Драма и го добива монашкото име Кирил. Назначен е за секретар на манастирот Св. Јован Претеча во Серско. Летото 1944 година се враќа во Берово и е сведок на настаните во времето на ослободувањето на Берово. Тука останува во манастирот Св. Архангел Михаил до неговата смрт на 21 април 1946

[1] Писмото се наоѓа во Архивот на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) во Скопје, во фондот Венцеслав Парѓоски, кутија II.

[2] Архив на МАНУ, ф. Венцеслав Парѓоски, к. II (Молба до Ректорот на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ за префрлување на Богословскиот факултет).

[3] Истото, (Писмо од Бошко до Венцо од 11.03 1943 г. , Софија).

година. Умрел на 30-годишна возраст. Погребан е од надворешната страна на олтарот на истата манастирска црква во Берово.

Ова писмо произлегло од перото на еден поет,[4] компетентен и високо образован свештеник-монах кој извонредно добро ја познавал историјата на христијанската црква и посебно на источноправославните цркви. Кај него немало и не можело да има дилема во однос на македонската православна црква и за потребата од обновување на Охридската архиепископија. Воопшто не е случајно што тој ни во еден момент не ги споменува соседните цркви, српската, бугарската и грчката, кои со децении наназад настојувале духовно да го потчинат и да го асимилираат македонскиот народ. Но, Вецеслав Парѓоски е и извонреден познавач на современите настани, на идејните и политичките движења. Тој бил повеќе години во фокусот на настаните на белградскиот универзитет. Бил студент-богослов кој учествувал во дебатирањето со студентите Македонци од другите факултети за комунизмот и фашизмот, но и за националното прашање. Како член на Богословскиот хор и на студентскиот хор „Обилиќ", патувал во многу места на Кралството Југославија и надвор од него, во Франција. Тој бил во групата Македонци студенти на белградскиот универзитет коишто учествувале на прославата на 50-годишнината на софискиот универзитет на 18-24 мај 1939 година.[5] Таму се сретнале со студентите Македонци од пиринскиот дел на Македонија и од македонската емиграција во Бугарија. Меѓусебното запознавање и дискусиите меѓу студентите Македонци од двата дела: пиринскиот и вардарскиот, кај Венцеслав уште повеќе ја зацврстиле македонската национална свест.

Венцеслав е определен за новото време, за народноослободителната борба, за социјалната револуција, полн е со надеж дека македонската црква ќе го најде своето место во демократските процеси што требало да се развијат во неговата татковина Македонија, полн е со надеж дека Руската, најголемата православна црква ќе му даде сестрана помош на македонскиот народ во напорите што ги прави за организирање на македонската црква и за обновување на Охридкста архиепископија.

Следејќи го неговиот животен пат низ богатата преписка, особено читајќи ги неговите необјавени песни, се наметнува еден неодминлив заклучок дека кај него, над сè и пред сè, избива на површината неговата голема желба за изградба на ново општество во неговата сакана Македонија. Тоа го отсликува и во содржината на писмото што го објавуваме на јазикот на којшто е напишано, односно во времето кога се употребувала привремената македонска азбука. Од стилот, јазикот и изразот зрачи образованост и култура на еден демократски ориентиран македонски интелектуалец.

---

[4] За Венцеслав како поет пишува Љубомир Герасимов, Народноослободителната борба во поезијата на Венцеслав Парѓоски, поет од Малеш, Музејски гласник на Историскиот музеј на Македонија, Скопје 1979/4, 163-171.

[5] Архив на МАНУ, ф. Венцеслав Парѓоски, к. II, (Писмо од Венцеслав до неговиот татко на 13 страници).

До Иницијативниот Одбор
за организиране православ. црква
во Македонија
гр. Скопје

Драги во Христе духовни другари,

Го примив Вашето писмо бр. 51 од 3. II т.г.. Со тоа ја искажувам мојата готовност, дека со сичко шо мога ке допринеса за изградуването и организирането на нашата народна црква. Нашата православна црква и ако заварена во многу тешко положение има најдобрите условиа од сите други православни цркви за обнова и организиране, така ко шо го изискува новото време, новиот живот, новите конструктивни и напредни разбиранија во светот.

Ние сме срекјни дека не заваривме во својата црква Господин Господиновци, кои денес може би сакале да ја организират нашата црква. Срекјни сме шо таја црковна организираност се рагја и никнува од самите верници, од самиот македонски народ и неговите духовни другари свештеници. Така, ко шо се рагја и изградува државотворно нашата млада Држава во Федеративна Титова Југославија, нека се и нашата македонска православна црква изградува и организира на широко демократски основи, за да биде млада ко шо е вечно млад и силен Христос.

Нашите млади духовни другари – свештеници и епископи кои ке се грижат за православно верскиот живот на нашиот народ, нека бидат истински и достојни народни духовни другари. Тие духовни другари да го издигнат високо крстот на страданијата и спасението и имат пред себе си патоводителната звезда на новиот социјалистички строј.

Ако религијата служеше на разни царски и деспотски режими и беше роб поечко од 16 века, она е денес веќе слободна. Октобарската револуција во Русија, не беше само ослободуенето на човекот роб; економски потлачениот, социалнонеправданиот и национално потиснатиот. Таја револуција на човекот роб му донесе и слобода на духот, слобода на верата. Христијанската црква се ослободува од 16–вековно ропство на царската окрутност и деспоштина. И денес пастирот нема веќе да биде „Господин" а ке носи гордо името „духовен другар" като биде духовен раководител на нашите православни верници во Македонија. За пример нека ни послужи Руската православна црква, за да организираме и создадем својата родна црква на најдемократски начела. Ние можем да бидем за пример на останалите братски цркви на Балканот.

Не само со Христовите принципи, но и принципите на новото време, на прогресивниот и културниот свет да ни бидат патоказ како се верски и православно живее и какви плодови ке ни донесе нашата вера. Нашите духовни другари нема веке да се слуги и робои во служба на разни деспотски државни глави, а ке бидат духовни другари и соработници на верско и духовно издигнуване на своите другари верници. Од Октобарската револуција во Русија Христос се роди повторнно. Неговото живо слово одново стана слободно. Неговиот глас, Неговата сила оживотвори еден нов верски живот од деноите на Неговото прво рагјане. И ко шо во првите векои во христијанството думите христови не беа мртво слово, а дело и живот, така и денес нашата православна црква се рагја во нов живот, во нов свет. Верата одново станува кристална, чиста, Христова; жив извор, нов живот.

Со тоа нов живот, нашата православна црква во Македониа да заживее. Нејзините задачи, нејзината организациа да добиат еден савршрено нов и демократски вид. Сите реакционарни тежненија. Сите конзервативни стремлениа, какви и да било предрасудоци по црковните вопроси, и сите тија кои не сакат да разберат новиот живот и видат Богоспасителниат пат през една така ново организирана православна наша Црква, са противни на човекот и неговите Богоспасителни права.

Охридската Архиепископиа која во духовно одношение е соединувала целокупниот наш македонски народ, денес се одново рагја. Обновената Охридска Архиепископија ке биде пример на една демократска и Христова православна црква. Ние денес сами ке создадем народно православна верска иерархија со помокјта и примерот на другарската православна Руска црква.

Иницијативниот Одбор се е натоварил со историска задача за организирането на нашата црква. Затоа треба да се организират сите богословски и свештенички сили, специјалисти по црковните вопроси, за да се постават гранитни основи во организационата работа.

Затоа, јас пожелавам на Одборот успешна и полезна работа при разрешаването на толкова важни вопроси кои стојат пред Вас. Во единодушие и согласност да се решат сите жешки пращуванја во полза на нашиот народ, младата Држава и младата црква.

Многу жалам, дека зарад своето слабо здраве и зарад далечниот пат и немане на превозни средства сам спречен, на Ваша покана, да зема активно участие во делото при општото изградуване и организиране на нашата нова православна Црква. Затоа, Одборот ако најде за потребно и мисли да можам да бидам во услуга и корист во организирането, може секога да го добие моето писмено соработуване докато ми се даде возможност да дојдам при Вас.

Со другарски поздрав.
Ваш во Христе духовен другар.
Монах Кирил
(Венцо Паргјоски)
23-фебруар 1945 г.
гр. Берово.